УДК: 341.382(495.02:477.41)"8/9"
339.5(495.02:477.41)"8/9"

Иле Велков
ООУ „Малина Попиванова", Кочани
ilevelkov993@gmail.com

# ДОГОВОРИТЕ ПОМЕЃУ ВИЗАНТИЈА И КИЕВСКА РУСИЈА ВО IX И X ВЕК

*Апстракт.* – Заемните односи помеѓу Византија и Киевска Русија се предмет на истражување во историската наука веќе подолг временски период. Бројна е научната литература која е напишана на разни светски јазици, а во која предмет на истражување се токму односите помеѓу двете земји. Овие односи имаат пред сѐ воено-политички, мировен, трговски, црковно-дипломатски, но и културен карактер. Имајќи го предвид фактот дека сите овие погоре споменати односи се обработуваат во светската историографија, наша цел е во овој труд да дадеме краток осврт на мировните преговори и договори помеѓу Византија и Киевска Русија во IX и X век. Руските кнезови презеле низа воени напади врз византиски територии, а неколкупати (860, 907 и 941 година) директно ја нападнале и престолнината на Византија, Константинопол. Во овој труд ќе се задржиме не на тоа како се одвивале воените дејствија помеѓу овие две земји, туку ќе посветиме внимание на договорите кои се склучени по завршувањето на воените дејствија, како и на тоа кој бил крајниот исход од секој од договорите. Предмет на проучување овде ќе бидат мировните договори склучени помеѓу византиските императори и руските кнезови во IX и X век, односно, мировните договори склучени после нападот во 860 г., мировниот договор од 911 г., 944 г., и 971 г. Во овој труд ќе бидат проучени и крајните резултати од овие договори, како и тоа која од двете страни добила поголеми привилегии во однос на другата, благодарение на успехот или неуспехот на воените дејствија.

*Клучни зборови.* – Византија, Киевска Русија, император, руски кнезови, мировни договори, трговски врски.

Предмет на истражување во овој труд се Византиско-руските мировни и трговски договори, но и договорите за сојузништво, склучувани помеѓу овие две земји во IX и X век. Односите помеѓу овие две земји започнуваат кон крајот на VIII век, според некои податоци, а со сигурност кон почетокот на IX век.[1] Договорите склучувани помеѓу Византија и Киевска Русија се мировни, трговски, но и договори за сојузништво. Мировните договори биле склучувани во моментите кога руските кнезови ја напаѓале територијата на Византија, односно, честопати мета на овие напади бил Константинопол, престолнната на Империјата. Во зависност од тоа каков исход имале нападите, таков карактер имале и договорите склучени помеѓу двете страни.

До првиот мировен договор помеѓу Византија и Киевска Русија, посведочен во историските извори, дошло по рускиот напад на Константинопол кој се случил во јуни 860 г.[2]

Според податоците забележани во изворите кои се однесуваат на рускиот напад на Константинопол од 860 г., некои историчари се склони кон тоа дека под бедемите на градот било склучено примирје. По неуспешната руска опсада на Константинопол во јуни 860 г. Русите се повлекле од пред бедемите на градот. Византиските извори соопштуваат дека кусо време по руското повлекување од под бедемите на престолнината на Византија, во градот дошле руски пратеници. Податоци за доаѓањето на руските пратеници имаме во „Окружното послание на Фотиј патријарх Константинополски до источните архиерејски престоли“, потоа, кај продолжувачот на Теофан и во биографијата на императорот Василиј I, за која се смета дека е напишана од неговиот внук Константин VII Порфирогенит, исто така зачувана кај продолжувачот на Теофан.[3] Исто така во овие извори наоѓаме и податоци и за првото покрстување на Русите, односно за т.н. Фотиево покрстување на Русите. Во соопштението за овие настани кое го дава продолжувачот на Теофан, прашањето за преговорите меѓу Византија и Русија повторно се поврзува со идејата за покрстувањето на Русите, но во соопштението се појавува и нов факт. Имено, тука се зборува и за пристигнувањето на руското пратеништво во Константинопол, кое се случило по завршувањето на воените дејс-

---

[1] Види детално за ова кај Велков 2021,73-84, како и литературата наведена таму.

[2] Во овој труд нема да навлегуваме во детаљи околу тоа кои биле причините, како се одвивале и колку време траеле овие напади. За овој напад види повеќе кај Велков 2021, 88-103, како и литературата наведена таму.

[3] Цитирано според Сахаров 1980, 59-60. Види повеќе и Мошин 1930, 59-61.

твија. Тешко е хронолошки да се утврди кога точно овие Руси дошле во Константинопол. Исто така тешко е да се утврди од каде тие дошле и дали освен намерата да се покрстат бил склучен и мировен договор за кој во изворите немаме податоци.

Некои историчари сметаат дека руските пратеници дошле во престолнината на Источната Римска Империја за да преговараат и да склучат договор за „мир и љубов" помеѓу младата Киевска држава и моќната Византија. Исто така, сметаат дека во сложениот процес на дипломатски контакти на Византија со Русите, Киевска Русија постигнала сложен дипломатски арсенал со соседните држави и пред сѐ со Империјата. Секоја етапа од овие преговори резултирала со практика на конвертирање на дел од Русите во христијанската религија како очигледен признак на созревање на староруската државност во монотеистичката религија.[4]

Според податоците забележани во Фотиевото „Окружно послание" испратено до источните патријарси, напишано во 867 г., и кај продолжувачот на Теофан стои податокот дека Русите дошле во Константинопол со пратеништво за да бараат да бидат покрстени.[5]

Како резултирале овие преговори и кој бил крајниот исход од нив за трговијата или мирот помеѓу двете земји, немаме подетални информации во изворите кои зборуваат за овој прв руски напад на Константинопол.

Во низата неуспешни напади врз престолнината на Византија се вбројува и нападот предводен од кнезот Олег во 907 г. Имено, во 907 година руска војска предводена од рускиот кнез Олег повторно се нашла под бедемите на Константинопол. Податоци за овој напад имаме зачувано во рускиот летопис, според кој кнезот Олег, иако не влегол во Константинопол, сепак извојувал голема победа.[6]

---

[4] Сахаров 1980, 59-60

[5] Кузенков 1999, 9 и Продолжатель Феофана. *Жизнеописания византийских царей*, кн. IV, гл. 33. 129-130

[6] Повесть временных лет 2003, 14, (Понатаму ПВЛ). Повеста за минатите години (Повѣсть времѧнныхъ лѣтъ, а исто така позната и како: „Првичен летопис", „Почетен летопис" и „Несторов летопис"). Автор на летописот е Нестор (околу 1056-1114 г.), староруски летописец, агиограф и монах на Киевско-Печерскиот манастир. Овој руски летопис започнува да дава историски податоци почнувајќи од библиските времиња, во воведниот дел, а завршува со податоци кои се однесуваат за настани од почетокот на XII век. Детално за ова види кај Велков 2021, 110-123, како и литературата поврзана со овој напад која е наведена таму.

Кнезот Олег, кој фактички бил победник во оваа војна, од византискиот император побарал да му платат данок за сите 2000 бродови во износ по 12 гривени од човек (гривен е даночна, а воедно и тежинска единица во Стара Русија, сребрена или златна, со тежина околу една фунта) *„и се согласиле на ова Грците* (Византијците н.б.) *и започнале тие да бараат мир, и да не војува* (се мисли на кнезот Олег н.б.) *во грчката земја* (Византија н.б.).[7]" Овде несомнено се мисли рускиот кнез воопшто да не војува против Византија.

Војската на кнезот Олег се повлекла недалеку од под бедемите на градот и кнезот започнал, според летописот, преговори за мир со императорите Лав VI и Александар и кај нив во престолнината испратил свои пратеници. Од имињата на пратениците може да забележиме дека сите тие биле Варјази, т.е. Викинзи (Нормани): Карл, Фарлаф, Вермуд, Рулав и Стемид. Побарано било да се плати и данок за руските градови, пред сè за Киев, потоа за Чернигов, Перејаслав, Полоцк, Ростов, Љубеч и за други градови во кои што кнезувале кнезови кои му биле потчинети на Олег. Понатаму во летописот е наведено што сè побарал кнезот Олег од императорите, а тие се согласиле на тоа што го барал.[8]

Императорите Лав VI и Александар склучиле мир со кнезот Олег и се обврзале да ѝ плаќаат данок на Киевска Русија. Потоа си дале клетва едни на други, императорите бакнале крст, а кнезот Олег и неговите болјари дале клетва според „законот руски" и се заколнале над своето оружје и во боговите Перун и Волос и го потврдиле мирот. По ова Олег го закачил својот штит на константинополската капија во знак на победа и си заминал од пред престолнината на Византија.[9] Интересно е што овде летописецот Нестор ги забележал словенските богови, Перун и Волос.[10] Сепак ова не е конечниот договор за мир; ова е прелиминарен мировен договор кој бил составен под бедемите на Константинопол,[11] додека мировниот договор бил потпишан во 911 г.

Мировните договори склучени помеѓу Византија и Киевска Русија претставуваат исклучително важни правни споменици коишто сведочат за големиот удел на Киевска Русија во меѓународните односи во X век. Тие се сведоци за политичките, економските и културните врски

---

[7] ПВЛ 2003, 14.

[8] Види детално: ПВЛ 2003, 14.

[9] Исто, 14.

[10] Види повеќе за ова: Велков 2021, 118.

[11] Острогорски 1970, 103 и 107.

помеѓу Византија и Киевска Русија. Византиско-руските договори биле пишувани во два примерока, односно еден примерок бил пишуван на старословенски јазик во име на Русија, кој имал печати и потписи од пратениците и трговците, и се чувал во Византија. Вториот примерок, кој бил пишуван на грчки јазик во име на Византија и со византиските идентификациски знаци кои биле користени во вакви случаи, бил испраќан во Русија. Потоа, во согласност со обичајот за составување на меѓународни договори во X век, секоја од страните инволвирана во договорот правела превод на свој јазик на копијата од договорот на другата страна и тој се чувал во нивните архиви.[12] Текстовите на договорите помеѓу Византија и Русија се зачувани во рускиот летопис „Повесть временных лет“[13] и тие претставуваат копии со списоци на старословенски јазик преземени од грчка копија, приближно во времето кога овие договори биле составувани.

Долго време по првиот руски напад на Константинопол од 860 г. имало период на мир помеѓу Константинопол и Киев. До нова војна дошло во 907 г. кога со Киевска Русија владеел кнезот Олег (882-912 г.), а во Константинопол императорот Лав VI Мудри (886-912 г.). Дека во периодот од 860 па до 907 г. меѓу Византија и Русија долго време постоеле мирни и пријателски односи говори почетокот на мировниот договор од 911 г. „*Ние сме од родот руски* (потоа следуваат имињата на пратениците) *испратени од Олег, великиот кнез и од неговите велики бољари, кај вас Лав, Александар и Константин, великите во Бога самодржци и цареви грчки* (византиски н.б.), *за да го зацврстиме и потврдиме многугодишното пријателство, кое постои помеѓу христијаните и Русите...*“[14]

До вториот мировен договор помеѓу Византија и Русија дошло во 911 г., односно овој договор бил склучен четири години по нападот на Константинопол од 907 г., од страна на Русите предводени од кнезот Олег. Во руската историографија има мислење дека податокот запишан во рускиот летопис кој се однесува на 907 г., а каде што се опишани преговорите помеѓу Византијците и Русите, не претставува мировен договор, туку прелиминарен договор врз чија основа во 911 г. бил склучен формалниот мировен договор. Под бедемите на Константинопол во 907 г. била постигната согласност за прекинување на воените дејствија.

---

[12] Зимин 1952, 3-4.

[13] Види детално во ПВЛ 2003, 15-17,21-27 и 33-34.

[14] Цитирано според, Левченко 1952, 107.

Некои историчари мислат дека во 907 г. под бедемите на Константинопол всушност бил склучен формалниот мировен договор меѓу Византија и Русија, а не прелиминарен договор, а во 911 г. тој бил потпишан.[15] Други пак сметаат дека станува збор за два договори – едниот склучен во 907 г., а другиот во 911 г. Односно, во договорот од 907 г. недоволно биле определени правата и обврските на двете страни, па затоа кнезот Олег во 911 г. во Константинопол испратил пратеништво со цел во договорот да бидат внесени нови услови. Во овој договор биле повторени и некои статуси коишто ги содржел и претходниот договор.[16]

Овој договор од 907 г., за кој е прифатено дека е прелиминарен договор, е зачуван во „Повесть временных лет“. Во Константинопол, додека Русите започнале со подготовките за повлекување, од кнезот Олег пристигнале пратеници и тие побарале на Русите да им се плати данок, на секој воин по 12 гривени. Потоа кога ќе дошле трговци од Русија во Константинопол тие да имале право да купуваат стока колку сакаат, да имаат шестмесечен престој во градот и за тие шест месеци да им се обезбеди храна. По нивна желба, според договорот, требало да им биде направена бања во градот. Кога Русите ќе се враќале назад во татковината, Империјата била обврзана да им дава храна, намирници и сè што им било потребно за по пат. Византијците не се согласиле на овие услови.[17]

Што се однесува до договорот од 911 г., несомнено Византија била заинтересираната страна која инсистирала да склучи договор, а не Русија, за којашто во тоа време попогодно било да биде слободна од секакви пречки во своите стремежи за плен. Во Киев во 911 г. дошле пратеници од Византија со извесни предлози. Реални причини на императорот на Византија за да ги вовлече Русите во правилно договорени односи со Империјата било тоа што Русија граничела со кримските владенија на Византија, како и нивните напади врз Константинопол. Сепак, во 911 г. во Константинопол кнезот Олег испратил свои пратеници и таму бил склучен формалниот мировен договор помеѓу Византија и Киевска Русија, на 2 септември 911 г.[18]

Олеговиот договор од 911 г. содржи одредби кои го навестуваат тогашниот општествен и правен статус на поединечни категории насе-

---

[15] Сахаров 1980, 106.

[16] Цитирано според Левченко 1952, 111.

[17] Зимин 1952, 64-67.

[18] Димитриу 1895, 543 и Щавлев 2018, 355-356 и Venning, 2006, 29. Повеќе за овој договор како и дипломатичката анализа на истиот види кај: Малингуди 1997, 61-79.

ление, како и прописи од граѓанското и кривичното право. Од првата група одредби може да се забележи дека Олег се титулирал како „руски велики кнез", односно овој договор освен во негово име, се склучувал и во име на светлите кнезови, светлите болјари и цела Русија. Во договорот се споменуваат и слојот на крупни трговци кои со својата роба оделе во другите држави и тие биле третирани како посебен сталеж со сопствени права. Во овој договор има податоци за руското граѓанско право и за руското наследно право. Освен ова, во договорот се зачувани и кривично-правни одредби. На крајот, овој договор го содржи и правото Русите сами да ги спроведуваат преку територијата на Византија во Русија своите сонародници кои извршиле некое кривично дело. Во овој случај Русите единствено биле должни да го известат императорот.[19] Од овој договор се дознава дека уште пред неговото склучување Византија тргувала со Киевска Русија, односно Русите тргувале со Константинопол и доаѓале во престолнината на Византија за да му служат на императорот.

На руските трговци им била дадена многу поволна положба. Тие биле целосно ослободени од царинските давачки, а исто така добиле и сместување во предградието на Константинопол, околу црквата Св. Мамант. Квартот Св. Мамант се наоѓал надвор од бедемите на градот, на европскиот брег на Босфорот, во близина на излезот од Босфор во Мраморното Море. Ова предградие го добило своето име според името на манастирот којшто бил основан таму во чест на великомаченикот Мамант.[20] Добиле право таму да престојуваат дури шест месеци, а им било давана и храна во текот на нивниот престој.[21]

Треба да се има предвид дека согласно со овој договор руските пратеници имале многу поповолна позиција и повисок официјален статус во Константинопол од руските трговци.

Статутите од договорот им го востановувале на Русите правото непречено да доаѓаат во воена служба кај византискиот император. Со овој договор всушност се потврдило дека таквото право многу порано влегло во пракса. Од тоа време во изворите се наоѓаат податоци дека цели одреди руски воини се наоѓале во воена служба во Византија. Како пример треба да се спомене дека во неуспешниот за Империјата поход

---

[19] Николиќ 2000, 95-97. Целосниот текст на овој договор во оригинал, превод и коментари кај Зимин 1952, 6-14.

[20] Литаврин 1993, 82.

[21] За правниот статус на руските трговци во Константинопол по склучувањето на Византиско-рускиот договор од 911 г. види кај Литаврин 1993, 81-92.

од 910-911 г., во нејзина служба имало 700 руски воини. Во морскиот поход против Лангобардите во Италија предводен од Роман I Лакапин во 935 г. учествувале 415 руски воини.[22]

Со договорот, иако Русите добиле некои привилегии, сепак бројот на руски трговци кои за една сезона можеле да престојуваат во Константинопол, односно во предградието Св. Мамант, бил ограничен на 1000–1500. Но, сите тие не престојувале таму во исто време. Според Г. Г. Литаврин, во текот на летото Русите во Константинопол доаѓале со не помалку од две трговски флотили, кои на пат заминувале во различно време.[23]

Мирните и пријателски односи помеѓу Византија и Киевска Русија се одржале цели 30 години. Немаме податоци во изворите како во текот на тие три децении се одвивале заемните односи помеѓу двете земји. Но, пријателските односи по три децении биле прекинати, а во изворите имаме податоци за нов руски напад.

Кнезот Олег, откако го склучил договорот со Византијците, го обесил својот штит на капијата; сепак, рускиот летописец погрешно запишал дека тоа бил штитот на победата. Всушност, станува збор за штитот на мирот, но на летописецот не му бил познат овој стар нормански обичај и запишал дека тоа е штит на победата.[24]

Од погоре запишаното и анализираното можеме да заклучиме дека не само што рускиот кнез Олег е историска личност, туку тој во 907 г. го нападнал Константинопол, склучил прелиминарен договор, а во 911 и мировен договор со Византија и го обесил својот штит на капијата на престолнината на Византија. Податоците во рускиот летопис се веродостојни, а фактот дека единствениот византиски извор кој дава податоци за времето на Лав VI Мудри не зборува за овој напад не може да се земе како доказ за тоа дека нападот не бил извршен. Во Киев кнезот Олег се вратил со големо богатство. Како што соопштува летописецот Нестор, тој дошол во Киев со многу злато, ткаенини, плодови и вино. Кога се вратил Олег од походот во својата престолнина, од луѓето бил наречен Олег Пророкот.[25] Во рускиот летопис нема податоци што се случувало во периодот од 907 до 912 г. Кнезот Олег починал во 912 г.

---

[22] Левченко 1952, 126.

[23] Литаврин 1993, 84.

[24] Левченко 1952, 103 и 107. Види детално кај Велков 2021,122-123.

[25] ПВЛ 2003, 15.

Мирните односи помеѓу Византија и Киевска Русија траеле цели триесет години. По нападот од 907 г. предводен од кнезот Олег и по мировниот договор потпишан во 911 г., Русите извршиле напад на Византија дури во 941 г. Имено, во 941 г. кнезот Игор (912-945 г.) презел нов воен поход против Византија и ја нападнал престолнината на Империјата, Константинопол.[26] Во тоа време на престолот во Константинопол се наоѓал Роман I Лакапин (920-944 г.)[27] Овој напад завршил со руски пораз, по што рускиот кнез Игор со своите воини се повлекол назад.[28]

Две години подоцна се случил и вториот руски напад предводен од кнезот Игор. Откако во 943 г. кнезот Игор собрал голема војска и ги придобил Печенезите за сојузници, тргнал во поход против Византија, движејќи се кон реката Дунав. По вестите од Бугарите и Херсонесците дека Русите повторно тргнале во поход и се движат кон Константинопол, императорот Роман I испратил на реката Дунав пратеници да преговараат со рускиот кнез. Тие на рускиот кнез му предложиле да го земе понудениот данок кој бил поголем од оној што во свое време го земал од нив кнезот Олег.[29]

На реката Дунав, кнезот Игор ја повикал својата дружина, односно своите болјари, и започнале да размислуваат и да дискутираат за предлозите на Византија. Ако подобро го разгледаме мислењето на кнезовата дружина, ќе забележеме дека целта на походот не било да се остварат територијални придобивки: *„Ако така зборува царот, тогаш што уште нам ни е потребно, без борба да земеш злато, сребро и ткаенини?“*[30]

---

[26] Детално за ова види Велков 2021, 123-133 и литературата наведена таму.

[27] Во Византија, бидејќи Константин VII, синот на Лав VI Мудри, бил малолетен, негови регенти биле патријархот Никола Мистик и мајката на Константин, императорката Зоја. Но ова регентство пропаднало, бидејќи работите во државата под нивно водство не оделе добро. Вештиот друнгариј Роман Лакапин на итар начин го отфрлил претходното регентство и постепено ја презел власта во свои раце. Имено, во 919 г. малолетниот Константин VII се оженил со ќерката на Роман, кој бил неговиот нов регент. Како татко на сопругата на императорот, Роман Лакапин ја добил титулата василеопатор, на 24 септември 920 г. од својот зет бил крунисан за цезар, а на 17 декември истата година за император-совладетел. Повеќе за Роман I Лакапин види кај: John Skylitzes. *A Synopsis of Byzantine History 811-1057*, Ch. 9, 205 и Острогорски 1970, 256.

[28] Левченко 1952, 148-156; Продолжатель Феофана - *Жизнеописания византийских царей*, кн. VI, Лав VI, Царствование Романа, 263 и *Хроника Симеона магистра и логофета*. кн. 136, 232.

[29] ПВЛ 2003, 21 и Пашуто 1963, 63. Детално за ова види Велков 2021, 133-136.

[30] ПВЛ 2003, 21 и Пашуто 1963, 63.

Според Д. Оболенски, кнезот Игор застанувајќи на чело на голема војска тргнал во вториот поход против Византија со цел да се одмазди за поразот претрпен во 941 г. за време на својот прв поход.[31] По советувањето со своите болјари, кнезот Игор го зел она што му било дадено од Византија, односно златото, среброто и ткаенините, и се вратил во Киев. Печенезите, според рускиот летопис, останале да војуваат на територијата на Бугарија.[32]

Наскоро по повлекувањето на руската војска, во Киев дошле пратеници испратени од императорот Роман I Лакапин и воделе преговори за мир. По ова и кнезот Игор испратил пратеништво во Константинопол и таму бил склучен мировен договор во 944 г.[33]

Во рускиот летопис не е зачувана точната дата на овој договор, туку тој е сместен во годината 6453 од создавањето на светот, односно во истата година кога бил убиен и кнезот Игор.[34] Откако во 943 г. на реката Дунав било склучено примирје и Русите на чело со кнезот Игор се вратиле во Киев, во 944 г. повторно бил склучен мировен договор помеѓу Византија и Киевска Русија.

Најкомплетниот и најдеталниот текст од руско-византиските договори претставува договорот на кнезот Игор со Византија склучен во 944 г. Овој договор бил резултат на воените дејствија помеѓу Византија и Русија кои завршиле со склучување на примирје и дипломатски преговори. Податоци за рускиот напад од 11 јуни 941 г. имаме во византиските, западните, арапските и руските извори.[35]

Како година во која бил склучен овој договор, рускиот летопис ја дава 945,[36] но споменувањето на императорот Роман I Лакапин во текстот од договорот говори дека овој договор бил склучен во 944 г. Општоприфатено во науката е дека во 944 г. бил склучен мировниот договор меѓу Византија и Русија. Воведот на овој договор се состои од воведен текст од рускиот летопис и наслов на договорот. Најнапред во Киев дошле пратеници испратени од императорот Роман Лакапин и тројцата негови совладетели, синовите Константин и Стефан и Константин Порфирогенит, легитимниот император, син на претходникот на Роман, Лав

[31] Оболенски 2002, 191-192.

[32] ПВЛ 2003, 21 и Пашуто 1963, 63.

[33] Исто, 63-64.

[34] Повеќе за ова види кај Щавлев 2018, 357-359.

[35] Бибиков 2005, 10.

[36] ПВЛ 2003, 21.

VI. Според рускиот летопис ова пратеништво од Византија дошло со цел да се направи првичниот договор за мир. Потоа, според летописот, Игор разговарал со пратениците за мирот, по што кнезот испратил свое пратеништво во Константинопол каде што продолжиле преговорите со „грчките болјари и чиновници“. Процедурата на преговорите се открива во следниот краток запис: „И дојдоа руските пратеници и на нив им рекле да зборуваат и да ги запишуваат на хартија зборовите на двете страни.“ Потоа следува текстот на договорот којшто ја открива веќе класичната фраза за руско-византиските договори: „*Списокот со копијата од договорот се наоѓа кај царевите Роман, Константин и Стефан, христољубиви владетели.*“[37] Овој договор претставува меѓудржавен договор за „*мир и љубов*“. Ако во договорот од 911 г. имало еден член во кој станувало збор за руска воена помош на Византија и дозвола Русите да стапуваат во служба на императорската војска како наемници, тогаш во договорот од 944 г. била опфатена целосна програма за воен сојуз и заемна помош меѓу двете земји. Според мислењето на некои историчари, со договорот од 944 г. Киевска Русија добила статус на полноправен сојузник на Византија. Интересен детал од овој договор е одредбата која се однесува на заемната помош помеѓу двете земји против општите непријатели, како и заштита на една од териториите на регионот за којшто се заинтересирани двете држави.[38] Со овој договор бројот на руски трговци кои можеле да доаѓаат на пазарите во Константинопол бил намален. Во текот на денот, според клаузулите во договорот, во градот можела да влегува група руски трговци која броела најмногу 50 луѓе. Исто така, со овој договор киевскиот велики кнез, како и кнезовите од другите руски градови имале право да испратат во Византија трговски бродови „колку што сакаат“, но пред тоа со грамота да ги известат Византијците за бројот на трговци кои доаѓаат во Константинопол.[39] Интересно е и тоа дека со овој договор Русите се обврзувале да го заштитуваат Херсонес и целата негова територија. „*Ако дојдат црните Бугари и започнат да војуваат во земјата Херсонска, го молиме рускиот кнез да не ги пушта нив да ѝ прават штета на неговата земја* (на Византија б.н.).“[40] В. Пашуто во врска со овој податок заклучил дека тоа се однесува на руската заштита не само на византиските владенија на Крим, туку и на своите сопствени

---

[37] Зимин 1952, 233.

[38] Цитирано според Сахаров 1980, 245-246.

[39] Литаврин 1993, 87.

[40] Зимин 1952, 39.

владенија во северното прицрноморие и на Кримскиот Полуостров.[41] Иако договорот на кнезот Игор со Византија од 944 г. има повеќе одредби за разлика од претходниот договор и иако овие одредби се пообемни и подетални, неговата обемност всушност доаѓа од тоа што има доста повторувања на одредбите. И. Бељаев издвоил седум важни правни и историски факти на коишто упатува договорот на кнезот Игор. Најпрвин тоа е составот на руските пратеници кои го покажуваат значењето на „*земшчината*" во Стара Русија. Покрај ополномоштените пратеници на кнезот Игор, неговата сопруга Олга и нивниот син Свјатослав, во делегацијата биле и ополномоштени лица кои ги претставувале крупните трговци и повидните членови на кнежевската дружина. Во договорот се спомнуваат и пратеници на две жени, кои најверојатно самостојно се занимавале со извозна трговија. Па така во заклучувањето на договорот со Византија, преку свои пратеници учествувале различни слоеви на население. Самото појавување на пратеници на две жени во руската делегација зборува прилично многу за исклучително поволната позиција на жената во Стара Русија.[42]

Интересен е уште еден член од овој договор, а тоа е членот кој се однесува на риболовците. Имено, ако Русите откријат рибар од Херсонес како лови риба во устието на реката Дњепар не треба да му нанесуваат никакво зло.[43]

Следниот битен факт се однесува на улогата на болјарите како највисок општествен слој, бидејќи нивните пратеници тогаш рамноправно со пратениците на кнезот учествувале во склучувањето на овој договор. Најкрупните болјари во тоа време имале високоопштествена позиција, независно од службата на кнезот. Најкрупните трговци веројатно уште во времето на кнезот Игор биле не само посебен сталеж, туку и значајна општествена сила, имајќи предвид дека рамноправно со кнезот учествувале во склучувањето на еден мировен договор. Следен факт којшто го открива договорот од 944 г. е верската толеранција помеѓу жителите на Придњепровјето. Во првиот член од овој договор се споменува дека постојат покрстени и непокрстени Руси, па за првите стои дека доколку не го почитуваат договорот ќе ја примаат казната од Бог Седржителот, а за вторите дека нема да им помогне нивниот бог Перун. Прате-

[41] Цитирано според Сахаров 1980, 248.

[42] Николић 2000, 97-98.

[43] Зимин 1952, 39.

ниците христијани се заколнале во својата црква Св. Илија во Киев и во Светиот крст, а паганите во своите штитови и мечеви.[44]

На крајот во договорот стои дека ако некој од кнезовите или руските луѓе, христијанин или нехристијанин, го наруши она што е запишано во договорот, треба да биде казнет од оружјето во кое се заколнал и од богот Перун. Понатаму, кнезот Игор го зачувал договорот за мир достојно, и *„договорот да не биде раскинат додека сонцето сјае и постои целиот свет, во сегашното време, но и во задгробното“*.[45]

Со руските пратеници во Киев пристигнале и пратеници испратени од императорот. Кнезот Игор ги повикал византиските пратеници и им рекол да зборуваат и да кажат што одговорил императорот Роман I Лакапин. Византиските пратеници одговориле дека нивниот император одговорил дека сака да има мир и љубов со рускиот кнез. Понатаму тие одговориле дека нивниот император ги испратил да пренесат дека и тој се заколнува дека ќе го почитува договореното, како што и руските пратеници ја пренеле заклетвата на кнезот пред императорот. Откако кнезот Игор го утврдил мирот со Византијците, на пратениците им дал крзна, слуги и восок. Тие се вратиле кај императорот и ги пренеле зборовите на рускиот кнез.[46]

Овој договор речиси во целост бил во полза на Византија, односно договорот во себе ја содржел само обврската која Русија ја имала кон Византија, додека за обврските на Византија кон Русија речиси нема ниту еден единствен збор.[47]

Со овој договор руските трговци веќе не биле ослободени од царинските давачки и им било забрането купување на поголемо количество на свилени ткаенини, а исто така им се забранувало да презимат во предградието на Константинопол во близина на црквата Св. Мамант. Од ова може да се види дека, ако во претходниот договор од 911 г. Русите ги диктирале условите за мир, сега ситуацијата драстично се изменила. Византија му наметнувала строги услови на својот трговски партнер и сојузник, а сето тоа се јавува како резултат на поразот претрпен под Константинопол.

Десеттиот век е период на чести руски напади врз византиски територии или пак врз престолнината на Империјата. Освен војните со

---

[44] Николиħ 2000, 98-99.

[45] Зимин 1952, 40.

[46] Димитриу 1895, 549.

[47] Исто, 549.

руските кнезови, во овој период Византија се соочувала и со други амбициозни непријатели. Во една таква ситуација, кога дошло до судир со Бугарите, од страна на византискиот император било испратено пратеништво во Киев со задача да го придобие рускиот кнез Свјатослав. Свјатослав требало во својство на сојузник на Византија да ја нападне Бугарија, што и се случило, но поради неговите успеси во Бугарија, дошло до разгорување на војна помеѓу довчерашните сојузници, односно Византија започнала војна против рускиот кнез.[48]

Последната битка водена помеѓу византискиот император Јован I Цимискиј и рускиот кнез Свјатослав се одиграла на 21 јули (петок) 971 г.[49] По поразот на рускиот кнез во оваа битка, бил склучен мировен договор помеѓу Византија и Киевска Русија. Текстот на договорот е зачуван во рускиот летопис „Повесть временных лет".[50] Овој договор, според мислење на А. С. Шчавлев, бил склучен во периодот од 22 до 31 јули 971 г.[51]

Откако кнезот Свјатослав се уверил дека неговата војска е малубројна, тој испратил свои пратеници кај византискиот император Јован I Цимискиј со барање за мир. Првиот предлог испратен од Свјатослав, Византијците го пречекале расположени, по што во рускиот логор дошле пратеници испратени од императорот Јован Цимискиј, кои на кнезот Свјатослав му донеле дарови. Јован I Цимискиј рано утрото ги примил руските пратеници кои дошле во византискиот логор. Рускиот пратеник започнал да ги изговара зборовите на неговиот кнез Свјатослав, а тие од збор до збор биле запишани.[52] Од руска страна договорот бил склучен во име на кнезот Свјатослав и неговиот војвода Свенелд, а од византиска страна во име на императорите Василиј II и Константин VIII со учество на императорот Јован I Цимискиј. За склучувањето на овој договор, освен во рускиот летопис, податоци има и во Историјата на Лав Ѓакон.[53]

---

[48] Детално за ова види кај Велков 2021, 162-179, како и литературата наведена таму.

[49] Исто, 178; Скилица-Кедрин, ГИБИ, VI, 269-274; Лев Диакон, *Дополнения, Скилица – О войне с Русью императоров Никифора Фоки и Иоанна Цимисхия*, 129 и Острогорски 1970, 281. Детално за битката види и Лав Ѓакон, Leonis Diaconi Historiae – Львь Дякон, История, ГИБИ, V, 264-273. Битката кај Доростол А. Величко ја датира на 24 јули 971 г.; види Величко 2010, 219. Истиот датум го прифаќаат и Д. Ангелов и Б. Чолпанов, види Ангелов, Чолпанов 1993, 31.

[50] ПВЛ 2003, 34. Повеќе за дипломатичката анализа на овој договор види кај: Малингуди 1997, 58-61.

[51] Щавлев 2018, 357.

[52] Сахаров 1982, 183 и 190.

[53] Лев Диакон, История, кн. 9, гл. 10-11, 87-88.

Основна тема на договорот било согласувањето на кнезот Свјатослав да не војува со Византија, Бугарија и Херсонеската земја. Покрај ова, друг услов било рускиот кнез да не им помага на другите народи во војните со Византија. Условите под кои Русите се предале и го склучиле мировниот договор со Империјата биле следните: Русите да го отстапат Доростол на Византијците, да ги ослободат заробениците, да си заминат од Бугарија и да се вратат во својата татковина и да не ги напаѓаат византиските територии на Крим. Освен ова, кнезот Свјатослав се обврзал дека никогаш повеќе немало да се враќа на Балканот. Во замена за ова, Византијците ќе им дозволеле на Русите мирно да отпловат кон Русија, дека немало да ги напаѓаат, додека тие се движеле на својот пат кон дома, со бродови кои носеле „грчки оган". Освен ова, Византијците ветиле дека ќе ги снабдат Русите со прехранбени намирници и ќе ги сметале за пријатели оние Руси кои ќе оделе во Византија поради трговија. Императорот ги прифатил овие услови со радост, го склучил со нив сојузот и договорот и им дал на Русите леб, по две медимни на секој воин. Покрај ова Јован Цимискиј ги обновил и трговските привилегии што ги имале Русите.[54]

Првиот член од договорот бил воспоставување на двојна состојба на „мир и љубов" помеѓу завојуваните страни, односно враќање на Русите на нивниот статус пријатели и сојузници на Византија. Свјатослав се заколнал дека ова ќе го зачува до крајот на векот.[55]

Свјатослав се заколнал во свое име и во име на цела Русија и сите негови бољари и во боговите Перун и Волос: „*... и да пожолтееме како злато и да бидеме исечени од своето сопствено оружје...*"[56]

Мировните договори склучени помеѓу Византија и Киевска Русија кои ги склучиле кнезовите Олег, Игор и Свјатослав со императорите, Лав VI, Роман I Лакапин и Јован I Цимискиј се од големо историско значење за Русите. Со помош на овие договори може верно да се прикаже карактерот на византиско-руските односи, а воедно и да се разберат причините зошто киевските кнезови преземале походи против Византија и не еднаш тие се нашле под бедемите на нејзината престолнина.

[54] Острогорски 1970, 281-282 и Бибиков 2005, 13

[55] Сахаров 1982, 199

[56] Зимин 1952, 60

# ЛИТЕРАТУРА

## ОБЈАВЕНИ ИЗВОРИ

John Skylitzes. *A Sinopsis of Byzantine History 811-1057*, Ch. 9, Translated by John Wortley, Cambridge University Press, New York, 2010.

Лев Диакон, *Дополнения, Скилица – О войне с Русью императоров Никифора Фоки и Иоанна Цимисхия*. Наука, Москва, 1988.

Leonis Diaconi, Historiae – Льв Дякон, История, ГИБИ, V, София, 1964

Повесть временных лет, Москва, 2003.

Продолжатель Феофана. *Жизнеописания византийских царей*, кн. IV, гл. 33

Скилица-Кедрин, ГИБИ, VI, изд. подг. Я. Н Любарский, 2-е изд., испр. И доп., Санкт-Петербург, Алетейя, 2009.

*Хроника Симеона магистра и логофета*. кн. 136, Перевод со среднегреческого А. Ю. Виноградова, вступительная статья и коментарии П. В. Кузенкова, Университет Дмитрия Пожарского, Москва, 2014.

## МОНОГРАФИИ И СТАТИИ

Ангелов, Д., Чолпанов, Б. *Българска военна история през средновековието X-XV век*. Бан, София, 1993.

Бибиков М. В. *Русь в Византийской дипломатии: Договоры руси с греками X в*. Древная Русь, Вопроси медиевистики, No 1 (19), 2005.

Велков, Иле. *Византија и Русија од појавата на Русите до смртта на кнезот Владимир.* Европа-92, Кочани, 2021.

Venning, Timothy. *A Chronology of the Byzantine Empire*. Palgrave Macmilian, New York, 2006.

Величко, А. *История византийских императоров, т. IV.,* Вече, Москва, 2012,

Димитриу, А. К вопросу о договорахь русскихь сь греками, *Византийский Временник* II (1895).

Зимин, А., А. *Памятники русского права. Выпуск первий. Памятники права Киевского государства X – XII в.* Москва, 1952.

Кузенков, П., Н. *Патриарх Форий, Окружное послание 867 года*. Российский Православный Университет, св. Апостола Иоанна Богослова, Москва 1999.

Левченко Митрофан В. „Руско-Византийские договоры 907 и 911 гг.“. *Византийский Временник* V (1952).

Литаврин, Геннадий, Г. Условия пребывания древних русов в Константинополе в X в. и их юридический статус, *Византийский Временник*, т. 54, Москва, 1993.

Малингуди, Я. Русско-византийские договоры в X в. в свете дипломатики. *Византийский Временник*, т. 57 (82), Москва, 1997.

Мошин, Владимир. *Питање о првом покрштењу Руса.* Богословље V, Београд, 1930.

Николић, Драган. *Древноруско словенско право*. Јавно предузеђ службени лист СРЈ, Београд, 2000.

Оболенски, Дмитриј, *Византискиот комонвелт Источна Европа 500-1453*. Слово, Скопје, 2002.

Острогорски, Георги. *Поход кнеза Олега на Цариград.* Византија и Словени, Сабрана дела, кн. IV, Просвета, Београд, 1970.
Острогорски, Георги. *Историја Византије.* Просвета, Београд, 1970.
Пашуто, В. *Внешная политика Древней Руси.* Наука, Москва, 1963.
Сахаров, А., Н. *Дипломатия древней Руси.* Москва, 1980.
Сахаров, Андрей, Н. *Дипломатия Святослава.* Москва, 1982.
Франклин, Саймон, Шепард, Джонатан. *Начало Руси 750-1200.* Санкт-Петербург, 2000.
Щавлев, А. С. Даты договоров Византии и Руси X в., *Восточная Европа в древности и средневековье, Институт всеобщей истории РАН*, Москва, 2018.

Ile Velkov
Malina Popivanova Elementary School, Kočani

## THE TREATIES BETWEEN BYZANTIUM AND KIEVAN RUS' IN THE IX AND X CENTURIES

(summary)

The Byzantine-Russian peace treaties were signed in the name of the rulers of both countries after the campaigns of the Russian princes against Byzantium. They were written in the two official languages of the two countries, that is, in Byzantine Greek and Old Slavic. Only the Old Slavic versions of the treaties from the years 911, 944 and 971 have been preserved in the Russian chronicle „The Tale of Past Summers", as for the treaty of the year 971, apart from the Russian chronicle, we also have it preserved by Leo the Deacon in his „History".

The first Russian attack on the Byzantine territory known from historical sources, that is , an attack made on the capital of Byzantium-Constantinople, came in June in the year of 860. The attack had a predatory and not a conquering character, and it did not have any major conquest benefits for the Russians and their leaders, the princes Askold and Dir. From the sources it is learned that immediately after the attack in Constantinople, Russian deputies had come and asked for a peace treaty to be concluded, but they also have asked to be baptized in the Christian faith. Data about this can be found in one of the participants in these events, the Patriarch of Constantinople Photius, but also in the work of the historian Theophanes. However, the course of what was agreed in Constantinople and what trade conditions or facilitations were set, that is, obtained, is not sufficiently known. What is known from the sources is the fact that Russian envoys had appeared in Constantinople shortly after the Russian attack on the city in the year of 860 AD, peace was

concluded between the two countries and some or all of the envoys were baptized. It is about the so-called Foti baptism of the Russians.

In the series of unsuccessful attacks on the capital of Byzantium includes the attack led by Prince Oleg in 907 AD. The actual winner in this attack was the Russian prince Oleg, and as such he was able to dictate the terms of peace in the treaty concluded in 911 AD. Namely, in 907 a preliminary peace treaty was concluded, and the final peace treaty was concluded in 911 AD. This treaty was concluded in the name of the Emperors Leo VI and Alexander and Prince Oleg and the emperors have undertaken to pay tax to Kievan Rus'. This treaty was signed on September 2nd, 911 between the two warring parties. The treaty was written in two languages, Byzantine Greek and Old Slavic. The text in Byzantine Greek language has not been preserved, and the text of the treaty is known to us from the Russian chronicle "Tale of Bygone Years".

Prince Oleg and his subordinate princes and boyars were represented by 15 deputies. From the names of the deputies, we can conclude that they are all Varangians-Vikings (Scandinavians), and this tells us and confirms the fact that the Varangians were in high positions in Kievan Rus'.

This treaty established peaceful relations between Byzantium and Kievan Rus', determined the procedure for ransoming captives, the punishment for crimes committed by Byzantine and Russian merchants in Byzantium, the rules for conducting litigation and inheritance disputes, created favorable trade conditions for the Byzantines and The Russians and it changed the coastal law. Henceforth, instead of capturing the ship and its property washed ashore, the inhabitants of the coast are obliged to help in its rescue.

After the unsuccessful campaigns of Prince Igor against Byzantium in 941 and 943 the Russian prince was forced to conclude a peace treaty with Byzantium. This treaty between the two parties was concluded in 944 AD and actually represents a renewal of the 911 treaty. This treaty is an international peace treaty and regulated the relations between Byzantium and Kievan Rus'. It was written in Byzantine Greek and Old Slavic, and it is preserved only in Old Slavic in the Russian chronicle „The Tale of Past Years". The treaty was signed by the Byzantine and Russian deputies. From the Byzantine side, the emperor Roman I Lakapin and his sons Constantine and Stefan were represented by deputies, and from the Russian side, deputies came on behalf of Prince Igor, his son Svyatoslav, Princess Olga, Igor's wife, as well as from the boyars.

The envoys and merchants were asked to carry princely letters (a kind of permit) with them so that they could come to Byzantine territory and enter Constantinople. The legal relations between the Russians who came to Byzantine territory and the local inhabitants were regulated. Restrictions were imposed on merchants regarding their stay in Constantinople, the export of cloth, and similar. Kievan Rus' was in charge of protecting the border between the two countries of Cri-

mea, and the Old Russian State was not supposed to claim these territories. Also, Kievan Rus' was obliged to provide military aid to Byzantium.

After the unsuccessful Byzantine-Russian war led in 970-971 and after the defeat of the Russian army at Dorostol, in July 971 a peace treaty was concluded between Byzantium and Kievan Rus'. This agreement is an international agreement concluded between the two parties and it, like the previous agreements, regulates the relations between the two countries, it was written in two languages, Byzantine Greek and Old Slavic, but only the Old Slavic version has been preserved.

The agreement was concluded between the Russian Prince Svyatoslav in the presence of Duke Sveneld and the Emperors Basil II and Constantine VIII in the presence of the Emperor John I of Tsimisky. The main theme of this agreement was the consent of the Russian prince Svyatoslav not to go to war against Byzantium, Bulgaria and the Kherson country. Also, Svyatoslav obliged not to incite military acts against Byzantium and that he would not assist others who will war against her.

This Byzantine-Russian peace treaty has come down to us thanks to the fact that it is preserved except in the Russian chronicle "Tale of Bygone Years" and in the "History" of Leo the Deacon.